Ја изразуваме нашата надеж дека во најскоро време ќе излезе од печат и продолжението на ова значајно историско дело, кое има сеопфатен карактер. Затоа сме на мислење дека со неговото прикажување ќе придонесеме за што подобро запознавање на македонската научна јавност со резултатите на унгарската марксистичка историографија. Трудот на проф. Арато може да му послужи на секој научник како треба да ги поставува научните проблеми од компаративен карактер. Во тој однос оваа драгоцена публикација ќе има големо историографско влијание над идните компаратистички истражувања.

Р. И.

**Pablo de Azcarate, LA SOCIÉTÉ DES NATIONS ET LA PROTECTION DES MINORITÉS, Genève 1969, p. 100**

И ако со извесно задоцнување, до нас дојде насловната публикација на Пабло де Аскарате, поранешен висок службеник во Одделението за малцинствата на Секретаријатот на Друштвото на народите, кој подоцна ја вршел и функцијата на директор на ова одделение, дури и како потсекретар на Друштвото на народите. Од 1936 до 1939 година тој ја претставува Шпанската републиканска влада кога бил шпански амбасадор во Лондон. Тој бил по војната ангажиран и од Обединетите нации во Комисијата на ОН за Палестина, а и во други преговарачки мисии. Аскарате се експонирал и како автор на неколку свои публикации, посветени главно на проблемот на малцинствата помеѓу двете светски војни. Го наведуваме неговиот труд P. de Azcarate, League of Nations and National Minorities, Washington, 1945 („Друштвото на народите и националните малцинства").

Насловот е негов втор труд по дотичното прашање и е посветен на одбележувањето на 50 годишнината од основањето на Друштвото на народите, се разбира, и покрај издавањето и на некои други наслови, посветени на речената годишнина. Имено, оваа јубилејна едиција е финансиски потпомогната од Карнециевата дотација која — како што разбираме од уводот (што за ова дело го напишал Џон Гормејтиг) — покрај реченото, сака да поттикне и натаму проучувањето на оваа прва меѓународна организација. Зашто токму истражувањата на Друштвото на народите, ќе нè уверат дека „експериментот со првата светска организација за одржувањето на мирот и безбедноста е богата поука за сегашнината и иднината". Ова дотолку што до сега не е издадено ниту едно комплетно дело за создавањето, дејноста и местото на Друштвото на народите во најновата историја на човештвото. Факт е исто така дека на современите генерации малку им е позната оваа организација, независно од нејзиното банкротство во поглед на основната задача што ја имаше — зачувањето на мирот т.е. спречување на војната. Ова проучување е нужно и заради одминатото време кое сега овозможува поцелосно и пообјективно да се согледа од повеќе аспекти оваа прва и од ва-

ков вид рожба на човештвото создадена врз високите хуманистички принципи и идеали вткаени во делата на многу генерации на напредни мислители на целото човештво. За речената цел Карнегиевата дотација веќе има преземено одредени мерки како би се забележиле и искажувања на одделни високи функционери на Секретаријатот на Друштвото на народите. Освен оваа „говорна историја“ („oral history“), таа се ориентирала и на мемоарски материјали на некои од бившите државници и дипломати, кои вршеле високи функции на оваа организација. Заедно со средувањето на богатите архивски фондови на Друштвото на народите — сево ова ќе претставува создавање на погодни услови за идните историографски проучувања на организацијата за која овде станува збор.

Во рамките на овие мошне благородни зафати, книгата на Аскарате што ја прикажуваме е прва од одделните програмирани мали монографии посветени на историјатот на Друштвото на народите.

Самата тема — заштитата на малцинствата е мошне интересна дотолку повеќе што таа дејност беше една од значајните преокупации на Лигата на народите, и заради која истата на времето претрпе и бројни критики.

Првиот и најглавниот по обем дел од ова свое дело, Аскарате го посветува на Друштвото на народите, третирајќи го насловниот проблем. Уште во почетокот се осврнува на причините за Првата светска војна со коментар на атентатот во Сараево. Изнесувајќи, се разбира, свои гледања на причините за оваа војна правилно забележал дека убиството на австроунгарскиот престолонаследник не беше „капката вода што ја прели чашата“, односно дека причините за војната не би требало да се бараат во самиот атентат. Според него постојат главно две причини што го предизвикаа овој светски вооружен пожар: ревандикациите на угнетените нации во Европа и колонијалната експанзија во Африка и Азија. Од обете како „поопасна“ и „потешка“ ја има главно првата, од што и произлегол атентатот во Сараево.

И ако според авторот, принципот на националноста доминираше во политичката теорија на XIX век, „неговата практична примена на почетокот на XX век, имаше многу недостатоци“. Во прилог на ова Аскарате го привлекува вниманието врз фактот дека пред Првата светска војна границите во Централна Европа и на Балканот „далеку да беа задоволувачки од национална гледна точка“. Во оваа смисла тој ја одбележува како типичен пример бившата Австро-Унгарска империја. Наведува бројни податоци за соодносот на другите подјармени народи vis-à-vis мајоритетните нации.

Проблемот на нерешеното национално прашање Аскарате како да сака да го експонира во сета негова острина, за да се надоврже на промените кои настанаа токму во поглед примената на принципот на народноста по Првата светска војна. Имено, набројувајќи го создавањето на новите држави (при што за нашата Кр. СХС се служи со дипломатска терминологија дека се работи за „Проширување на Кралството Србија“) како и приклучувањето на територииите главно од бившата

црножолта монархија — тој укажува дека „сега и ако се умножија границите... тоа овозможи да бидат редуцирани националните малцинства од 60 на околу 20 до 25 милиони“, што според него, — „од политичка и национална гледна точка тоа сепак претставува значаен прогрес“.

Се разбира, по однос спроведувањето на принципот на националноста, — за неговото помалу или повеќе изведување до крај, не може да се гледа само низ цифрите. Зашто и во литературата и во оценките на Парискáта мировна конференција од 1919 година, односно во поглед нејзините решенија, — јасно е укажано дека тој принцип е погазуван и од самите оние кои во негово име ја кроеја новата карта на Европа, за што Аскарате нема речено ниту збор.

Натаму, тој се впушта во кус осврт на историската судбина на народите во Централна Европа и на Балканот, за да укаже дека проблемот на малцинствата не е само политички, туку економски, социолошки и психолошки. Исто така, „новиот статус на Европа кој произлезе на Парискáта конференција од 1919 година“ предизвика нови проблеми пред кои беа исправени политичките фактори. На пример, нациите кои вчера имаа статус на малцинството се преобрнаа во мајоритетна популација и обратно. А тие маси се броеја со милиони — констатира авторот. Оттука, според него, Мировната конференција го установи системот за заштитата на малцинствата под заштита на Друштвото на народите.

На стр. 16 го изложува настанувањето на конвенциите за заштитата на малцинствата на Мировната конференција во Париз 1919 г. Конкретната разработка на режимот на заштитата на малцинствата беше доверена на специјалната комисија (Комисија за новите држави и малцинствата). Таа и Советот на четворицата го установи овој систем за сите нови држави, како и за оние кои добија нови територии. Кон нив беа приклучени и трите победени земји — Австрија, Унгарија и Бугарија. Потоа, дека заклучувањето на посебните договори за заштитата на малцинствата помеѓу големите сили и наведените држави, била обврзна институција на овој систем; а давањето основни гаранции на малцинствата „на конвенционален начин“ и правото на Друштвото на народите да интервенира во случај на повредата на тие права.

Во пододделот на книгата „Краток преглед врз системот на заштитата на малцинствата од Друштвото на народите“, Аскарате најнапред набројува државите со кои беа заклучени такви конвенции, потоа ги изнесува донесените одредби од Конференцијата за мир во Париз и укажува дека тие беа инкорпорирани во мировните договори и спрема тоа ставени под гаранција на Друштвото на народите. Меѓутоа, овде авторот има премолчено дека овој систем сепак имаше ограничен карактер. Имено, тој не беше универзален т.е. не се однесуваше за сите држави, пред сѐ за големите сили. На пример, мошне е симптоматично одбивањето во прелиминариите предлогот на јапонскиот претставник во споменатата комисија — во принципите по ова прашање да се опфати и осудата на рас-

ната дискриминација — токму од страна на креаторите на овие договори, претставниците на Франција и Велика Британија.

Набројувајќи ги конвенционалните права на малцинствата „по раса, јазик и верска припадност" што беа предвидени, и тргнувајќи од нив, Аскарате смета дека постоеја бројни ограничувања во тој поглед како за државите кои мораа да ги применуваат овие права, така и за малцинствата за кои тие беа наменети. Навлегувајќи во овој мошне деликатен проблем, тој не се задржува на коментарите околу ограничувањето правата на малцинствата — затоа што тоа и не беше толку објект на критиките, ами повеќе посветува внимание на прашањето на односот на одделните држави во поглед своите обврски спрема малцинствата. Во оваа констатација Аскарате има донекаде право. Затоа тој нашироко се впушта во коментари. При тоа се задржува на најмаркантните според него случаи.

Откако ги набројува условите за приемливоста на петициите и процедурата околу нивното разгледување во Друштвото на народите, поширокиот дел од својата книга го посветува на функцијата на Друштвото на народите во практика. Аскарате се ограничува и ги разгледува приликите во поглед на предметот на својата расправа само во Чехословачка, Румунија, Горна Шлезија, односно испуштајќи го Балканот и воопшто Европскиот југоисток. Авторот е овде во свои одредени коментари прилично елоквентен, методичен и добар анализатор на специфичностите во што навистина дава посебен впечаток. При тоа тој не го оправдува држењето на врвовите кај некои малцинства према државната управа, кои дури беа искористувани и како средство и повод за реваншизам (Судетските Германци). Во одредени случаи приоѓа и од класни позиции на состојбите што му овозможува навистина да ги согледа реалните побуди на истапувањата на одделните петиционери кои — погодени посебно и со аграрната реформа — реагирале во Друштвото на народите сакајќи да ги задржат своите поранешни класни позиции т.е. како големопоседници и сл. (Посебно високите слоеви од унгарското малцинство во Румунија).

Просторот не ни дозволува да го прикажеме и коментираме мошне чувствителното прашање во одбележаните земји, и она што од своја страна го има преземено и сторено Друштвото на народите.

Во делот во кој се осврнува на критиките на системот на заштитата на малцинствата, Аскарате всушност се обидува да одговори со одредени свои општи гледања на критиките кои беа упатувани до Друштвото на народите за времето од 15 години т.е. од 1920 до 1935 година кога системот за заштитата на малцинствата фактички постоеше. При тоа, тој пак се задржува на оние подрачја на кои им посветил внимание во споменатите делови на Европа. Според него тоа беа оние земји и малцинства каде овој проблем со оглед на неговата чувствителност и димензии, претставуваше пореметување на status-quo-то, па и фактичка закана на мирот. Оттука кај него наоѓаме на мислата дека „во целина земено, државите кои беа повикани да интервенираат по прашањето за малцинствата, било како членови на Советот (на Дру-

штвото на народите В. К.), било како членови на Комитетот за малцинствата или како известувачи...“ го имаа пред се предвид „супериорниот интерес на мирот“. Натаму ги уважува критиките упатени кон потребата од подобрувањето на системот на заштитата на малцинствата. Но тој веднаш додава дека тие беа проучувани и разгледувани од Советот или од Асамблеата и наведува одредени измени во таа смисла. Исто така алудира дека критичарите не водат сметка и за сувереноста на државите кои беа обврзани да ги спроведуваат малцинските договори. Одделно се запира и на критиките кои доаѓаа од малцинствата, од нивните претставници. Овие критики ги сведува главно во три барања: 1) Создавање на Перманентна комисија при Друштвото на народите за заштитата на малцинствата; 2) Третманот на петиционерите односно нивните претставници како правна страна во случајот кога процедурата е во тек и 3) Настојување за публицитет (право на јавноста) на процедурата.

На овие забелешки одговара поединечно, користејќи се при тоа и со одделни примери на постапката, од една страна на малцинствата и од друга, на Друштвото на народите.

На крајот, не пропушта да ја потенцира сложеноста на проблемот, фигуративно изразувајќи се дека некои критичари се однесуваат во случајов „како да станува збор за еден аритметички или алгебарски проблем“, та чие решавање може да ги задоволи сите. Во малцинската заштита на Друштвото на народите требаше, според авторот, да се бара „практичен начин на интервенција во една потенцијално експлозивна ситуација, деликатна и комплексна од политичка и правна гледна точка...“ и да се одбегнуваат заострувањата.

Разгледувајќи го со внимание и интерес ова дело, меѓудругото, забележуваме дека проблемот на малцинската заштита и воопшто проблемот на малцинствата и политиката на Друштвото на народите авторот ја третира главно во Централна Европа. Балканот некаде патем го споменува но не се впушта во неговиот третман адекватен од оној на Централна Европа. Би се очекувало барем негово оградување или наспомнување дека на овој регион на Европа тој му посветува внимание во својата прва книга која ја споменавме веќе. Ова дотолку што ако се одбележуваат одредени ангажирања на Друштвото на народите и неговите одредени резултати — сепак, покренатите такви прашања со што навистина беа преокупирани соодветните органи на Друштвото на народите и тоа во не мала мера, во еден ваков труд требаше да се спомене.

При тоа ние не жалиме што македонскиот народ овде не е третиран како малцинство, или неговата борба како борба за „малцински права“, — туку и од аспектот на фактот што тој народ стана посебна жртва и заради обидите и третманот на неговата борба за национално ослободување — да се сведе како малцинско прашање. И токму денес тој го поставува во права смисла малцинското прашање да се решава за оние Македонци каде се уште им се оспоруваат правата како национално малцинство.

Потаму, независно од јубилејот со кој треба да се одбележат повеќе резултатите кои влеваат оптимизам, во случајот на 50 годишнината од Друштвото на народите, — сепак, постојат и одредени непопуларни конвенции заклучени за „доброволна“ или задолжителна размена на малцинствата, на населението, замислени како една од формите „за решавање“ на малцинскиот проблем, подржани пак од страна Друштвото на народите за нивното реализирање, како што беше случајот со Македонците, Турците, Грците и Бугарите во Западна Тракија. Таа непопуларна политика за напуштањето на огништа и имоти, беше осудена на времето и од светското јавно мислење.

Можеме исто така да приметиме и одредени недоследности и за некои други прашања. На пример, не е оправдано за одредени — „погодни“ за докажување прашања — авторот да им приоѓа од класни позиции, а токму таквиот приод да биде занемарен за други. На пример изостанал класниот приод и во поглед третманот на причините за Првата светска војна, зашто се поставува прашањето: дали поробените народи во Австро-Унгарија и нивната национална ревандикација ја предизвикаа војната во Европа? Или националните ревандикции од аспектот на малцинската политика требало да се следат и понатаму, а не да се смета како тие да биле завршен историски процес. Примерот каде малцинската политика банкротирала е и со македонскиот народ.

Овие наши примедби се однесуваат за авторот кој остава инаку впечаток дека нема обичај да ги заобиколува и најчувствителните прашања и проблеми, и ако треба да се констатира дека Аскарате во поглед на неговите поранешни ставови према малцинскиот проблем прилично еволуирал во позитивна смисла.

Вториот дел од својата книга Аскарате го посветува на „Заштитата на малцинствата и Обединетите Нации“, во кој ги изнесува прелиминариите околу вклучувањето и на ова прашање во основните документи на новата меѓународна организација и напорите за одделни личности, вклучувајќи се и себе си, да го постават овој проблем на право место; најпосле и за неговото сублимирање во Повелбата на Обединетите Нации за правата на човекот.

Третиот дел носи наслов „Европскиот совет и правата на човекот“, во кој го третира ова прашање како практика на земјите главно од Заедничкиот пазар во Европа, и ако со право би очекувале — со оглед на карактерот на делото и неговата намена — авторот да посветеше внимание и на системот на заштитата на малцинствата и во земјите од социјалистичкиот свет.

Сè на сè оваа расправа која има и полемичен тон, и ако непотполна и дефектна по одредени прашања од насловната тематика, е корисна и претставува нов прилог кон овој мошне сложен и чувствителен проблем со кој се судри во својата најнова историја и се уште се судира современото човештво.

В. К.